RAN POL

# ПОСЛЕДОВАТЕЛЕН ДОКУМЕНТ

## Улогата на полициските службеници во справувањето со повратниците-џихадисти

### Вовед

Во Европа постои сериозна и зголемена загриженост за можно зголемување на бројот на повратници од таканаречениот калифат. Се очекува дека тие мажи, жени и деца ќе сакаат да се вратат во своите стари соседства: одредени повратници можеби се наоѓаат в затвор; некои се разочарани, трауматизирани или се каат, а други, можеби, се доследни радикали или дури и припадници на терористички групи во мирување.

Европските земји мора да бидат подготвени:

1. да примат и да следат повратници (постапки и протоколи);
2. да ги проценат опасностите, слабостите и можностите за успешна повторна социјализација на повратниците;
3. да ги ублажат опасностите и да почнат повторно да ги социјализираат (програми за излез);
4. да имплементираат мерки и интервенции за заштита на семејствата и на врсниците на повратниците и да ја заштитат општата јавност.

Овие дејства не се во надлежност само на полицијата туку и на голем број органи и организации. Но во однос на вклученоста на полицијата, кои одговорности и придонеси се потребни?

Во овој труд Мрежата за свесност за радикализмот – Центар за извонредност (RAN CoE) ги споделува наодите на Мрежата за свесност за радикализам на Работната група на полицијата и Службата за спроведување на законот (RAN POL), врз основа на средбата со искусни полициски службеници во Диселдорф, Германија, на 30 и 31 март 2017 година.

RAN POL

## Кратенки

| | |
|---|---|
| AIVD | Холандска општа служба за разузнавање и безбедност CVE борба против насилен тероризам |
| HTS | Хајат Тахрир ал-Шам |
| ISIS | Исламска Република во Ирак и во Сирија |
| NCTV | холандски национален координатор за безбедност и противтероризам НВОневладини организации |
| NPCC | Совет на шефовите на националните полиции |
| RAN CoE | Мрежа за свесност за радикализам – Центар за извонредност |
| RAN POL | Мрежа за свесност за радикализам – Полиција и спроведување на закон (работна група) |
| RAN YF&C RAN | Младина, семејства и заедници (работна група) |
| RAN | Мрежа за свесност за радикализам |
| TPIM | истражна мерка за спречување тероризам |
| VERA | процена на опасност од насилен екстремизам |

Овој труд го напишаа **Стивен Ленос (Steven Lenos) и Весел Хаанстра (Wessel Haanstra)**, RAN - Центар за извонредност.
Гледиштата што се изразени во овој труд се на авторите и не ги искажуваат ставовите на RAN – Центарот за извонредност, Европската комисија или која било друга институција или учесник во Работната група RAN POL.

RAN POL

# Вовед во овој труд

Овој документ е изработен од Работната група RAN POL (фокус на RAN POL се полицијата и спроведувањето на законот)[1] и се заснова врз искуството на полицијата. Целна читателска публика се полициските сили во Европа, оние што работат со полицијата и оние што ја подготвуваат политиката за полицијата или пристапите, вклучително и улогата на полицијата.

> *Ако некој повратник се врати дома и не го задржале в затвор…*
>
> *… тој мора да живее во општеството.*
>
> *… локално, во дом, во соседство, можеби со родители и помлади браќа, да оди по улиците, да среќава луѓе, да се врати во училиштето за да го заврши своето образование за да може да најде работа.*
>
> *Дали имаме доверба во повратникот што слободно шета по улиците? Дали сме сигурни во однос на неговите намери? Дали постои опасност да се радикализира? Или повторно да се радикализира? Дали може да почне да регрутира други лица, да направи посилни локални екстремистички мрежи или дури и да почне да врши насилство, спонтано или по налог на некоја терористичка организација, како  што е ИСИЛ или Ал-Каеда? Како може да организираме успешна повторна социјализација, исклучување или deрадикализација? Како да ги спречиме опасностите? Дали сите се свесни за ситуацијата и дали се информирани и подготвени за своите улоги?*

Во Диселдорф RAN POL ги собра полициските експерти за да ги споделат искуствата и научените лекции.

### Четири теми

По краткиот вовед за повратниците овој документ ќе се концентрира на улогата и на придонесот на полицијата во извршувањето на следниве четири задачи:

1. собирање информации и подготовки откако некој ќе замине во Сирија или во Ирак, пред да се врати и кога ќе се врати
2. процена
3. работа за излез
4. обезбедување и заштита.

[1] Мрежа за свесност за радикализам (RAN) (12 мај 2017 година). Работна група на полицијата и спроведувањето на законот (RAN POL). Преземен од https://ec.europa.eu/home-affairs/what-we- do/networks/radicalisation_awareness_network/about-ran/ran-pol_en

RAN POL

Постојат голем број фактори што треба да се земат предвид во овие четири области, како што е, на пример, соработката меѓу повеќе установи. Ова не се сосема нови предизвици ниту, пак, се потребните одговори. Тоа е причината што лекциите што претходно се научени и споделени во заедницата, исто така, ќе играат важна улога и за професионалните лица на RAN[2]. RAN EXIT и RAN Младина, семејство и заедници се две работни групи со искуство што имаат особено значење за предметот.

## Поставување на сцената

Во моментов е ограничен бројот на повратници од Сирија и од Ирак. Но има показатели дека постојат луѓе што сакаат да се вратат, но од некои причини сè уште не го сториле тоа. На некои потенцијални повратници не им е дозволено да си заминат ниту, пак, да влезат во својата земја на потекло / оригинален престој. Тие знаат дека може да бидат затворени штом ќе се вратат. Некои ќе се префрлат на други воени полиња, а други ќе загинат во конфликти. Исто така, постојат и такви што сакаат да се вратат дома и нивните родители ги повикуваат владите да ги поддржат во ова прашање. Повеќето земји не се многу заинтересирани да го решат овој проблем, а некои дури и се обидуваат да наметнат забрана за повторно влегување во земјата.

Но неизбежно е дека ќе постои зголемување на бројот на повратници што живееле и се бореле со ИСИЛ или со Хајат Тахрир ал-Шам (ХТШ), терористичка група поврзана со Ал Каеда, претходно позната како Џабат Фатех ал-Шам или старата Џабат ал-Нусра.

Не сме сигурни што ќе се случи во иднина. Во текот на средбата на RAN POL во Диселдорф полицијата се осврна на искуствата и на следењето на постојните повратници. Нивните околности се различни и разновидни. Дознавме дека неодамнешните повратници (т.е. во последните две години) од неколку земји често биле разочарани од таканаречениот „калифатски“ проект и уморни од животот во борбената зона на ИСИЛ. Но поголем дел од нив не се дерадикализирани, а тоа значи дека не се оддалечени од радикалните исламистички идеологии; често повторно се среќаваат со своите стари радикални контакти и мрежи.

Истражувањето на германската Федерална криминалистичка полициска служба (ВКА)[3] и искуствата од други земји го покажуваат истиот мешан модел. Но понекогаш може да се забележат одредени заеднички елементи:

---

2 Мрежа за свесност за радикализам (RAN) (12 мај 2017 година). Прашања и политики. Преземено од https://ec.europa.eu/home-affairs/what-we-do/networks/radicalisation_awareness_network/ran-papers_en онлајн.

3 Федерална криминалистичка полициска служба (ВКА), Федерална служба за заштита на Уставот (BfV) и Центар Хесе за информации и компетентност против екстремизмот (HKE) (2016). *Analysis of the background and process of radicalisation among persons who left Germany to travel to Syria or Iraq based on Islamists motivations* (Верзија од 4 октомври 2016 година), 29-30. Преземено од https://www.bka.de/SharedDocs/Downloads/DE/Publikationen/Publikationsreihen/Forschungsergebnisse/201 7AnalysisOfTheBackgroundAndProcessOfRadicalization.pdf?__blob=publicationFile&v=2

- голем број од нив се разочарани од таканаречениот калифат, но не и од неговата идеологија и од антизападниот поглед на светот;
- старите мрежи и контакти не ги пречекуваат повратниците како херои;
- исто така, не се особено добредојдени и во другите заедници;
- понекогаш локалните екстремистички мрежи на ИСИЛ вршат притисок и ги заплашуваат повратниците;
- се зголемува поклопувањето со криминалните групи;
- повратниците не сакаат да дадат увид во своите дејства во Сирија или во Ирак;
- семејствата и повратниците работат со полицијата и со другите органи за да се поддржи враќањето,но штом ќе се вратат, кај повратниците се намалуваат овој контакт и волјата за честа соработка со полицијата и со другите органи.

**Неодамнешните повратници имаат различен профил и поголема опасност**

Оние што ќе се вратат може во иднина да имаат различен профил од повратниците што се вратиле во првиот бран. Како што истакна холандската Општа служба за разузнавање (AIVD) во својата публикација за повратниците од 2017 година, постојат причини идните повратници да се сметаат како многу поголема опасност за националната безбедност[4].

Овие претставници претставуваат поголема закана отколку порано; тие останале подолго во зоната на конфликт, добиле борбена обука, се стекнале со борбено искуство и ја изградиле својата џихадистичка мрежа. Тие веќе се закоравени и можеби добиле и воена и идеолошка обука. Ова важи дури и за децата-повратници на деветгодишна возраст, кои доживеале воена траума и биле сведоци на егзекуции и казни: некои дури биле и принудени да погубуваат луѓе. Холандскиот национален координатор за безбедност и противтероризам (NCTV) и AIVD објавија извештај за овие деца[5] за да ја подигнат свеста за предизвиците и за опасностите со таканаречените „младенчиња на калифатот“.

**Повеќе итност, поголеми опасности, повеќе работа: потпирање врз докажани пристапи за борба против насилниот тероризам (CVE) и излез**

Сликата 1 (страница 7) е земена од списокот со факти „Сеопфатен пристап кон повратниците“[6], објавен од холандскиот национален координатор за противтероризам. Пристапот кон повратниците, повеќе или помалку, е ист бидејќи е изграден и подобрен за радикализираните лица што сакаат да отпатуваат или за лицата што биле спречени да заминат во таканаре-

4 Холандска Општа служба за разузнавање и безбедност (AIVD) (2017 година). Focus on returnees. Преземено од https://english.aivd.nl/binaries/aivd-en/documents/publications/2017/02/15/publication-focus-on-returnees/Terugkeerders+in+beeld_ENG_WEB.pdf

5 Национален координатор за безбедност и противтероризам (NCTV) и Општа служба за разузнавање и безбедност (AIVD) (2017 година). The children of ISIS: The indoctrination of minors in ISIS-held territory. Преземено од https://english.aivd.nl/binaries/aivd-en/documents/publications/2017/04/26/the-children-of-isis.-the- indoctrination-of-minors-in-isis-held-territory/WEB_Minderjarigen_bij_ISIS_ENG.pdf

6 Холандски национален координатор за безбедност и противтероризам (NCTV) (2017 година). Сеопфатен пристап кон повратниците. Преземено од https://english.nctv.nl/binaries/Factsheet%20NCTV%20Terugkeerders%20ENG_tcm32-244754.pdf

чениот калифат. Холанѓаните го претставуваат како веќе подготвен постојниот пристап за управување со секој индивидуален случај од повеќе установи.

На средбата на RAN POL специјалистите ја повторија значајноста на користењето на постојните структури и постапки: *Не ни се потребни драстични нови пристапи и институ-ции. Со поголемо убедување треба да усвоиме успешни пристапи и да ги адаптираме за да се справиме со повратниците.*

Гледаме дека повратниците често се враќаат во средини што им се блиски и во кои имаат познајници, пријатели и контакти. Ова значи дека градовите од кои заминале луѓето треба да очекуваат некои од нив и да се вратат. Тоа се градовите што треба први да се подготват за враќањето на повратниците.

**Во врска со мултиагенциите, споделените одговорности, различните улоги на полицијата и овој документ**

Успешното спречување и работата за излез бараат организирани дејства и интервенции од сите вклучени владини и невладини организации. Од опсегот на активностите и на интер-венциите што се потребни, гледаме дека во Европа постојат различни гледишта дали ова се суштински задачи на полицијата или не.

Во мултиагенциските шеми треба да бидат вклучени учесници-претставници од полициски-от сектор и надвор од него. Ова треба да се организира од перспектива на споделена од-говорност. На локално ниво полицијата често има добра позиција за да ја почне или да ја олесни мултиагенциската работа. Сите учесници и мултиагенцискиот организатор треба да работат од иста работна рамка. Тоа значи дека не може секогаш да се одреди која е улогата на полицијата, а која не е. Дури и ако нешто не е во надлежност на полицијата, неопходно е полицијата да знае и да ја користи споделената дефиниција за предизвици и мултиаген-циски одговори. Поради тоа, во овој документ, исто така, има и контекстуални информации што опфаќаат повеќе од конкретната улога на полицијата.

**Улога на полицијата**

- Поради недостиг од работна сила и ресурси, разузнавачките агенции ќе побараат од полицијата да ги следи сите потенцијално опасни лица.
- Бидејќи голем број повратници се воздржани, постои потреба за постојано следење и собирање информации на локално ниво. Полицијата може да го олесни и да го организира ова и да служи како врска меѓу разузнавачките агенции, локалната влада и другите локални организации и институти.
- Полицијата може да биде иницијатор, приврзаник или организатор на потребната мултиагенција.

**Слика 1:** Холандски пристап кон повратниците

**Патување**



За да се спречи луѓето да патуваат со намера да се вклучат во терористичка организација, локалните и националните власти и други организации имаат тесна соработка. Кога ќе откријат дека некој сака да патува за да се вклучи во терористичка организација, со него или со неа разговара тим за мултидисциплинарно управување со случај. Овој тим се состои од општината, националната полиција, јавниот обвинител, како и од други локални и национални фактори. Тие го оценуваат случајот и наметнуваат интервенции одделно за секој случај. Примери за интервенција се: одземање на пасошите, користење на меѓународните системи за идентификација на патници, европски налози за апсење или мерки за заштита на децата.

**Враќање**



Повратниците се откриваат колку што е можно порано за да се минимизира нивната потенцијална закана. Јавниот обвинител и полицијата истражуваат познати патници-џихадисти. Исто така, тие може да бидат предмет на истрага од разузнавачките служби. Со овие истраги, исто така, може да се открие дека некој сака да се врати во Холандија или Европа. На интернационално ниво се врши размена на информации за навремено пронаоѓање на повратниците. Ако некој повратник се пронајде надвор од Холандија, тој или таа може да биде спроведен во Холандија од воената полиција.

**Пристигнување**



Секој повратник се апси за испрашување и се гони врз основа на кривична истрага. Дополнително се врши процена на заканата од секој повратник. Исто така, повратниците се предмет на дискусија во тимот за мултидисциплинарно управување со случај.

**Индивидуален пристап**



Тимот за мултидисциплинарно управување со случаи решава кои интервенции се најпогодни за да максимално намалување на потенцијалната опасност од повратник. Приспособениот пристап е клучен. Примери за интервенции се: кривично гонење, налози за затворање, програми за грижа или дерадикализација. Ако некое лице се осуди, и во продолжение влезе во затвор, тоа подлежи на тимот за мултидисциплинарно управување со случај додека се наоѓа во затвор и откако ќе излезе од затвор.

**КРИМИНАЛНА ИСТРАГА**

Властите постојано собираат информации за да изградат кривичен случај против повратниците за да може да ги гонат при враќањето.



RAN POL

## 1. Собирање информации и подготовки по нечие заминување во Сирија или во Ирак, пред враќањето или при враќањето

**Предизвикот**

И покрај тоа што не успеавме да ги спречиме луѓето да патуваат и да дојдат во Сирија, Ирак и во други џихадистички воени полиња, сè уште има работа што треба да се направи. Постои опасност нивните браќа, сестри или врсници да бидат таргетирани и регрутирани од странство. На родителите им е потребна поддршка за да се справат со овој трауматичен настан или може да им бидат потребни насоки како да контактираат со членот на семејството во Сирија или во Ирак.

Во голем број земји оваа лекција е научена на потежок начин, т.е. не е извршена соодветна процена на ранливоста и на отпорноста на сестрите, браќата и на врсниците: синџирот на регрутирање функционирал успешно, па, така, три сестри го следеле својот брат и пријателите го следеле патот на својот пријател, користејќи ги истите мрежи за регрутирање, шверцување и контакт со џихадистите.

Исто така, постои потреба да се собираат информации за оние што заминале: што прават во странство? Дали можеме да ги процениме нивните вистински намери за враќање? Дали тие би можеле да изградат еден социјален круг што би обезбедил шанса за повторна социјализација, дерадикализација или исклучување во соодветни случаи? Може ли да го поттикнеме семејството да биде фактор за заштита и поддршка за да се заштитат нивните други деца и за нивниот син или ќерка што се враќа?

**Решенија и пристапи**

<u>Отворете едно досие и подгответе рамка за полицијата и мултиагенцијата</u>

Треба да се направат досиеја за сите лица што заминуваат, а тие ќе помогнат во потрагата и во испитувањето, како и во превенцијата и во повторната социјализација.

- Побарајте рамка за мултиагенцијата што обезбедува платформа за собирање и процена на информациите од разни учесници и што може да функционира како простор за дискусија и создавање приспособени програми за интервенција.
- Користете ги постојните шеми бидејќи тие веќе може да имаат веродостојни работни односи, работни постапки и протоколи што ќе помогнат да се добие саканиот резултат. Свеста и довербата меѓу учесниците во мултиагенцијата и нивната ефикасност може да се зајакнат со сесија за обука за повратниците за клучните учесници во соработката меѓу мултиагенцијата. На повратниците со деца ќе им биде потребна соработка со мултиагенцијата за заштита на децата и спречување на злоупотреба.
- Постојните протоколи за размена на информации треба да се испробаат во реални случаи. Ако произлезе дека протоколите треба да се подобрат или да се објаснат, преземете

дејства за да го направите тоа. Исто така, со ова може да се провери дали постојното законодавство е во согласност со стандардите или треба да се приспособи.

**Интересна практика:**
**Основна единица за помагање на колегите**

Една локална полициска единица во Хаг формира Основна единица против тероризам, екстремизам и радикализам, која е составена од полициски експерти, со кои може да се консултираат колегите што не се целосно запознаени со екстремизмот и со повратниците. Службениците во оваа Основна единица се достапни за консултација 24/7. Исто така, за сите службеници постои и интерен прирачник со упатства што треба да се следат ако се појави лице врз кое се врши радикализирање и сака да се вклучи во терористичко движење. Едно од поглавјата е наречено „Што треба да се прави кога забележуваме повратник“ и одредува со кого треба да се воспостави контакт и што треба да се регистрира во полициските системи. Но сето ова е насочено кон следење и истрага и при неговата подготовка не е земена предвид превенцијата или дерадикализацијата.

Контактирајте со патникот и со семејството

Во Орхус (Данска), Баварија (Германија), Холандија и на други места во Европа полицијата ќе се обиде да контактира со семејствата штом замине некој нивни член. Исто така, тие може да го сторат тоа и порано, во претходната фаза, кога родителите и другите се загрижени за опасноста од можно радикализирање и регрутирање. Повеќето семејства имаат потреба да ја разберат ситуацијата, како може повторно да си го добијат детето и што ќе се случи откако детето ќе стапне на домашна почва. Комуникацијата треба да се одвива преку полициските службеници што имаат соодветни вештини и експертиза, како што се, на пример, службеници што контактирале со семејството или доверлив полицаец во заедницата. И покрај тоа што тие ќе се претставаат како полицајци, нивна главна задача е да го поддржат семејството во работите што се однесуваат на полицијата.

Клучот е да се изгради врска со повратниците и со нивните семејства. Тоа значи дека полицијата треба да биде реална: личноста и постојните односи на полициските службеници се важни и ако некој полициски службеник не функционира, тогаш треба да се замени или да се побара лице од друг орган или институција што ќе стапи во контакт со семејството. Не мора полицијата да биде таа што ќе ја гради оваа врска, но полицијата треба да учествува.

**Интересна практика:**
**Користење на шесте принципи за влијание на Чалдини**

На средбата на RAN POL учесниците беа инспирирани од една презентација за додадената вредност од користењето техники за преговарање за заложници, со цел да се изгради функционална врска со некој што е непријателски расположен кон полицијата. Како може да убедите такво лице да сподели информации и да соработува со полицијата и со други органи? Презентацијата се фокусира на промислено користење на шесте принципи за влијание **(доследност, реципроцитет, допаѓање, социјален доказ, авторитет и недостиг)**, врз основа на книгата „Влијание, психологија на убедување“ на Роберт Б. Чалдини[7]. Мора да истакнеме дека техниките за влијание беа идентификувани како веројатно мошне корисни за успешното приближување и вршење влијание врз повратниците и нивните семејства. Техниките веќе се дел или треба да станат дел од обуката на полицијата; во неколку земји на службениците за превенција можеби ќе им биде од корист да ги обноват и да ги прошират своите знаења.

Прием на деца

Прво и најважно, децата се гледаат како жртви. Меѓутоа, врз основа на настаните во Сирија и во Ирак, дури и децата на деветгодишна возраст би можело да претставуваат опасност, краткорочно или долгорочно. Ако таткото или мајката-повратник се наоѓаат во притвор или в затвор, социјалните служби ја преземаат грижата за децата. За сите деца-повратници е неопходно да се изврши процена или можеби им е потребна специјална грижа, на пример, за потенцијална траума и повторно образование. Од таа причина децата треба да се проценат од неколку перспективи и би можело да поминат месеци, па дури и години пред да се појави опасно однесување. Лекциите што се научени од справувањето со деца-војници и со деца што биле изложени на семејно насилство или сексуална злоупотреба укажуваат на третман со долготраен ангажман и интервенции од специјалисти, но не од полицијата. Улогата на полицијата е да одреди како да се однесува со малите деца што можеби биле сведоци, жртви или злосторници. Од полицијата може да научиме како да се справуваме со злоупотребата на децата и со семејното насилство, каде што полицијата употреби експерти со специјализирани, чувствителни пристапи. Принципот „Не прави лошо“ нè насочува да избегнуваме дејства што би можеле да предизвикаат второстепена траума и последователно зголемена ранливост.

[7] Википедија (24 март 2017 година). Роберт Чалдини. Преземено од https://en.wikipedia.org/wiki/Robert_Cialdini

<u>В затвор? Можност да се изградат односи</u>

Во повеќето земји промените во законодавството значат дека патувањето во Сирија и во Ирак спаѓа во законите за тероризам. Поради тоа, во повеќето земји повратниците ќе бидат притворени и ќе им се изрече затворска казна. Ова е можност да им се пристапи на таквите лица. Во некои покраини во Германија на полицијата ѝ е дозволено да му пристапи на затворен повратник и да почне дијалог за излез и повторна социјализација. Разумно е да постои обид да се одржи контакт со повратниците низ сите фази: пред заминувањето, додека се наоѓаат во странство, кога ќе пристигнат, в затвор и кога ќе бидат ослободени од затвор.

Исто така, затворските казни на повратниците ѝ даваат на полицијата време да разговара со семејството што ќе се случи кога ќе се ослободи повратникот. Важните прашања што треба да се постават опфаќаат: „Што сакате за вашиот син или ќерка?“, „Која е вашата улога?“ и „Како можеме да ве поддржиме во ова?“. Се разбира, сите семејства и партнери нема да бидат отворени за ваков дијалог, но и покрај тоа треба да се обидеме да им пристапиме. Во некои северозападни европски земји полицијата е таа што ги врши овие разговори. Се разбира, исто така, тоа би можело да го прави општински службеник или службеник на невладина организација. За полицијата е важно да воспостави врска со лицето што контактира со повратникот или со семејството.

**Улогата на полицијата**

- Да придонесува кон чувството за итност во однос на повратниците, да помага да се подигне свеста и да развие експертиза за справувањето со повратниците.
- По пристигнувањето полицијата треба секогаш да контактира со повратникот и може да го уапси за да го испраша. Преку овој контакт полицијата може да ги оцени потребите на повратникот и можноста за соработка и да ги употреби принципите за влијание за да воспостави однос што како резултат ќе има сè поверодостојни информации и повеќе можности за ангажман и соработка.
- Од перспектива на полицијата, се вршат два процеса:

  I) следење и истрага;

  II) превенција и ангажман со повратниците и со нивните семејства:

  ○ воспоставете контакт со повратниците и со нивните семејства колку што е можно порано во процесот и обезбедете дека сестрите и браќата се заштитени;

  ○ изградете врска со семејството или побарајте од друг орган да го стори тоа;
- Работете со службеник за контакт со семејството, полициски службеник на заедницата за превенција или дури и со службеник што не е припадник на полицијата;
- Обезбедете дека полициските службеници ги познаваат протоколите и дека ја имаат потребната експертиза да работат во мултиагенциска рамка со повратници и со домашни радикални лица.

## 2. Процена: опасност, закана, ранливост, потенцијал за промена

**Предизвик**

Полицијата мора да ги земе предвид следниве прашања: „Кое е ова лице?“, „Кои беа неговите движења - дали постои нешто поради кое би можеле да бидат осудени?“, „Какви намери и планови имаат?“ и „Дали ова лице е опасно или некој што се кае и посакува повторно да се социјализира во општеството?“.

Општо земено, во дискусијата се забележани два вида процени:

- Првичната процена што ја врши службата за разузнавање со помош на полицијата и други и се фокусира, главно, на опасностите и на заканите;
- подоцна во процесот, на локално ниво, една процена за приспособена програма да се намалат опасностите и да се стреми кон повторна социјализација, исклучување и дерадикализација.

**Решенија**

Прв предизвик или задача е криминалната истрага и анализа на заканите во смисла на националната безбедност. Ова, исто така, треба да опфаќа и елементи од релевантни физички и/или психолошки потреби или проблеми. Почетната процена на опасноста може да ја изврши службата за разузнавање.

Исто така, постојат неколку модели за процена на опасноста што веќе ги користат полицијата и мултиагенциската соработка: на пример, VERA 21[8], ERG 22+ и IR46. Сите тие функционираат со список показатели за разни фактори: (i) верувања и ставови, (ii) контекст и намера, (iii) историја и способности, (iv) посветеност и мотивација и (v) заштитни околности (земени од VERA).

Пристапот „Channel guidance“ на Обединетото Кралство користи работна рамка што опфаќа 22 фактора[9] поради кои може да се предизвика некој да изврши едно или повеќе од следниве нешта: (i) да учествува во терористичка група, цел или идеологија; (ii) да развие намера да предизвика штета; или (iii) да развие способност да предизвика штета.

- Повеќето алатки работат со историски податоци што може да ѝ помогнат на полицијата да препознае промена во однесувањето со текот на времето. Проблемот со повеќето повратници е во тоа што постои празнина во податоците за време на нивниот престој во таканаречениот „калифат“. Поради тоа, уште поважно е да се почне со редовна процена на лицето по неговото враќање и да се дополнат податоците со информации врз основа на неговите дејства.

---

[8] Канадска Влада (2009 година). VERA: Инструмент за процена на насилен екстремист и структурирано професионално расудување. *Risk Assessment Decisions for Violent Political Extremism 2009-02*. Отава. Преземено од https://www.publicsafety.gc.ca/cnt/rsrcs/pblctns/2009-02-rdv/index-en.aspx#Appendix

[9] Министерство за внатрешни работи (2012 година). *Channel: Vulnerability assessment framework* Влада на Обединетото Кралство. Преземено од https://www.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/118187/vul-assessment.pdf онлајн

- На средбата во Диселдорф експертите забележаа дека би можело да потврдат дали нивните алатки за процена на опасност може да се употребуваат за процена на жени и на деца.
- Во однос на прашањето како и кога да се интервјуираат малолетниците, треба да го искористиме искуството добиено од случаите што вклучуваат деца, семејно насилство и злоупотреба на деца.

Локална процена на опасности, потреби за промена

Процената на локално ниво не треба да се фокусира само на опасностите. Намената е да ја поддржува процената на опасноста, но треба да помогне да се создадат приспособени планови за поединечни лица. Поради тоа, одредени делови од процената може да се ориентираат кон грижата и повторната социјализација.

**Интересна практика:**
**Процена во мултиагенциско безбедно засолниште**

Во Хаг (Холандија) процената за опасност и анализата на мрежа се вршат мултиагенциски, под одговорност на локалната општина, заедно со обвинители, полиција и дури партнери, како што се, на пример, заштита на децата, условни казни и други партнери за грижа и безбедност. Дизајнирана е да се справи со сериозни случаи со повеќекратни проблеми и работи со формулата „Едно семејство, еден план, еден директор“ и се врши пред да се појави предизвик со повратникот.

Кој врши процени на локално ниво?

Достапни се разни опции. Процената може да ја организира:

- полицијата
- локалните органи
- тела со споделени одговорности.

Размена на информации и процена

Размената на информации секогаш претставува предизвик. А понекогаш е полесно да се постигне на професионално ниво отколку на управно. Разни земји употребуваат различни начини да го постигнат ова. Во Обединетото Кралство затворените судски сослушувања дозволуваат да се споделуваат подоверливи информации. Исто така, британската полиција води пилотска програма во блиска соработка со службите за ментално здравје во таканаречените центри за ментално здравје (Mental Health Hubs)[10]. Во Холандија се употребува моделот IR46, со резултати од 46 индикатори. Понекогаш резултатот на одреден индикатор се

[10] Совет на шефовите на националните полиции (NPCC) (нема датум). Пилотски центри за ментално здравје. Преземено од http://www.npcc.police.uk/NPCCBusinessAreas/TAM/MentalHealthPilotHubs.aspx

покажува без да се откријат изворот и точното однесување. Данска користи мултиагенциски безбедни засолништа и размената на информации не само што е дозволена туку претставува и законска одговорност.

Исто така, постои и опција да се работи со „облик на зборови“, еден однапред договорен начин на изразување што покажува нешто без да биде очигледно или да се пречисти информацијата за да може да се сподели.

Повеќе информации се достапни во последователниот документ на RAN POL од 2017 година[11] за вклученоста на полицијата во мултиагенциската размена на информации и работа.

**Улогата на полицијата**

- Да продолжи да им објаснува на другите учесници зошто се потребни одредени информации или зошто полицијата не може да споделува одредени информации.
- Да служи како точка за поврзување со службата за разузнавање.
- Да советува други учесници за (личната) безбедност.
- И покрај тоа што полицијата има особено релевантни информации и експертиза за процена, таа не е единствената што го прави тоа.

## 3. Работа за излез: процена на опасноста и понуда на алтернативно решение

**Предизвик**

На повратниците мора да им се помогне повторно да се социјализираат - дури и повратниците што ќе бидат затворени, веројатно, некогаш ќе се вратат во општеството. Во тој момент изборот се наоѓа меѓу тоа да не прави ништо, да следи и/или да помага со работа за излез и повторно да се социјализира. Повторната социјализација е главна не само затоа што ги води повратниците да бидат „добри граѓани“ туку, уште поважно, таа е една од неколкуте важни стратегии за намалување на опасноста од насилен екстремизам. Повторната социјализација и рехабилитација го прават општеството побезбедно.

Идентитетот на радикализираните лица често целосно е проткаен со екстремизам. Идеалите, социјалното опкружување и секојдневниот живот, кои дефинираат нечиј идентитет, исклучително му се посветени на радикалниот центар. За да може лицата успешно да го оставаат сето тоа зад себе, мора да им се понуди остварлива алтернатива. Поради тоа, процесот на работа за излез вклучува деконструкција на екстремистичкиот и конструкција на неекстремистичкиот контекст.

[11] Мрежа за свесност за радикализам (RAN) (2017 година). Последователен документ на RAN POL: ‘The role for police officers in multi-agency working and information sharing’. Преземено од https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/networks/radicalisation_awareness_network/about-ran/ran-pol/docs/ran_pol_role_for_police_officers_utrecht_212016_en.pdf

RAN POL

**Решенија**

Ова не е сосема нов предизвик и нема потреба да најдеме целосно нови решенија. Лекциите што се научени од рехабилитацијата на други „нерадикализирани“ затвореници може да се примени до одреден степен. Уште поважно, голем број земји во ЕУ веќе имаат организации и проекти што се вклучени во исклучувањето и во дерадикализацијата на насилните екстремисти[12].

Работната група за излез на RAN претстави некои од основните лекции за успешна работа за излез во два труда: *Минимални методолошки барања за интервенции за излез*[13] и *Поставување интервенција за излез*[14]. Секој случај во работата за излез мора да биде приспособен на тековните специфични околности. Во оваа смисла, подготовката на интервенција за излез на повратниците не се разликува од други случаи. Но бидејќи повратниците можеби доживеале насилство, носат трауми и/или добиле воена и/или идеолошка обука, можно е да бидат потребни некои дополнителни мерки.

Тие мерки го вклучуваат следново:

- Ментална или физичка помош. Повредите или траумата, физичка и ментална, треба да се лекуваат пред каква било интервенција за излез.
- Повратниците од ИДИЛ добиле идеолошка обука. И покрај тоа што нерелигиозните работници за излез се целосно способни да дискутираат за идеологијата, поддршката од теолошкиот експерт или од имамот може да помогне.
- Може да бидат потребни дополнителни мерки за безбедноста на работникот за излез и клиентот. Повеќе детали може да најдете на страница 9 на дополнителниот документ *Поставување интервенција за излез.*

Заклучок: За правилна процена на националната безбедност и на личната безбедност на вклучените професионални лица полицијата треба да има блиски врски со работата за излез. Клучното прашање е: „Што функционира?“ Вклученоста на полицијата може да ја попречи или да придонесе во работата за излез. За да се дозволи работата за излез да ги оствари потребните резултати, локалниот контекст ќе одговори која може да биде оптималната улога на полицијата, следејќи го прашањето на доверба и доброволната природа на излезот.

[12] Мрежа за свесност за радикализам (RAN) (12 мај 2017). Збирката на RAN: Стратегии за излез. Преземено од https://ec.europa.eu/home-affairs/what-we-do/networks/radicalisation_awareness_network/ran-best- practices/ran-exit-strategies_en

[13] Мрежа за свесност за радикализам (2016 година). Дополнителен документ на RAN EXIT: ‘Minimum methodological requirements for exit interventions’. Преземено од https://ec.europa.eu/home- affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/networks/radicalisation_awareness_network/about-ran/ran- exit/docs/ran_exit-ex_post_paper_london_15-16032016_en.pdf

[14] Мрежа за свесност за радикализам (2017 година). Дополнителен документ на RAN EXIT: ‘Setting up an exit intervention’. Преземено од https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/networks/radicalisation_awareness_network/about-ran/ran- exit/docs/ran_exit_setting_up_exit_intervention_berlin_13-14_022017_en.pdf

**Улога на полицијата**

Улогата на полицијата во работата за излез и повторната социјализација ќе зависи од земјата и од врските со повратникот. Успехот на работата за излез во голема мера зависи од довербата и од волјата на клиентот. Во повеќето земји-членки програмата за излез што ја води државата ќе има проблеми со веродостојноста во очите на целната група. Ова е особено вистинито за повратниците што често биле затворани и останувале под строг надзор од таа влада. Но бидејќи следењето и чувањето се паралелни задачи во текот на процесот за повторна социјализација на повратниците, полицијата не може да се исклучи.

Разликуваме три различни улоги што полицијата може да ги преземе во текот на постапката за излез и повторната социјализација.

- Полицијата е во партнерство со мултиагенциски излез

  Во повеќето земји програмите за излез ќе ги водат невладини организации (НВО). Невладините организации работат независно од владата; тоа им дозволува да изградат доверба и веродостојност кај клиентот. Бидејќи соработката со полицијата може да ја наруши оваа доверба, мора да постојат јасни договори и постапки во врска со размената на информации. Транспарентноста меѓу вклучените институции и кон клиентот е клучна. Координацијата на програмата за повторна социјализација ќе биде одговорност на општината или на организацијата за излез. Полицијата може да биде вклучена ако постои загриженост за безбедноста, од неа или од друга од вклучените институции.

- Полициска координација и директен мултиагенциски излез

  Во некои земји (на пример, во покраината Баварија во Германија) координацијата на програмата за излез и повторна социјализација е одговорност на полицијата. Во овој случај полицијата решава која невладина организација ќе биде вклучена во имплементацијата на интервенцијата за излез. Позитивна страна на оваа организациска структура е дека полицијата има поголема контрола во следењето на процесот за повторна социјализација и безбедносните аспекти. Негативна страна на оваа блиска врска со полицијата е дека може да ја ограничи волјата на клиентот да соработува. Овој недостаток претставува сериозна грижа: како што Работната група за излез на RAN јасно изјавува, клиентот не може да се присили да се исклучи или да се дерадикализира.

- Спроведување на програмата за излез директно од полицијата

  Постојат ситуации во кои полицијата има толку блиска врска со клиентот, така што може директно да ја изврши интервенцијата за излез (на пример, Орхус во Данска). Полицијата ги води разговорите за излез. Во овие случаи главно е дека професионалната експертиза што е неопходна за имплементација на интервенциите за излез е присутна кај полицијата. Полициските службеници треба да се обучат и треба да се исполнат другите предуслови за успешен излез (погледнете го дополнителниот документ што е споменат претходно во овој параграф). Тука предноста е во пристапот до полициските информации и намалената опасност од грешки во комуникацијата што често се поврзани со соработката во мултиагенциите. Но многу е редок таков доверлив однос меѓу полицијата и клиентот.

RAN POL

## 4. Заштита на средината

**Предизвици**

Да му се дозволи на некој со екстремистичко минато да се врати во општеството наметнува два предизвика во однос на заштитата. Едниот предизвик е поврзан со директната средина на повратникот: брат, сестра, врсници или други лица што му се блиски на повратникот. Дали тие се издржливи и способни да се натпреваруваат со можните опасности и со негативните влијанија што ги придружуваат повратниците?

Другиот предизвик се однесува на постојните екстремистички мрежи. Како може да се избегнат таквите мрежи да ја искористат експертизата, статусот и вештините со кои некој повратник се здобил додека бил во странство? И како може повратникот да се заштити од заплашувањето или од влијанието на овие мрежи?

**Решенија**

Семејна поддршка

За директното опкружување добро е да се оценат ранливоста и отпорноста. Семејствата може да бидат најважниот партнер во постапката за повторна социјализација, но, исто така, тие можат да влијаат и негативно. Процената помага да се дефинира поддршката што му е потребна на семејството, да се работи на опасностите и на заштитните фактори и да ги прави издржливи одделни членови на семејството и на семејниот систем. Семејната издржливост може општо да се дефинира како динамична постапка на семејствата (што биле изложени на силен притисок или неволја), што бара фактори за заштита и закрепнување, идентификувани од семејството и од неговите членови како фактори што помагаат за да се промовира здраво справување. Родителите треба да покажат дека ги разбираат опасностите и нивната улога како родители кон повратникот и другите деца.

Поголем дел од работата што е поврзана со поддршката на семејствата не е работа на полицијата. Клучно е што полицијата е свесна за нештата што може да ги прави и непотребно не ја нарушува постапката на семејна поддршка[15]. Полицијата може да придонесе во анализата на семејството и на групата врсници со нивните сопствени информации и со информациите што ги добива од партнерите. Во Орхус (Данска) полицијата ја олесни можноста семејствата да се среќаваат без нејзино присуство на средбата.

Справување со постојните екстремни мрежи

Врската меѓу поранешен член на екстремистичка група и постојните мрежи е друга димензија на заштита. Не може да си дозволиме постојните мрежи да имаат корист од експертизата, статусот или од контактите на повратникот.

15 Работна група Младина, семејства и заедници (RAN YF&C) (2016 година). Последователен документ: 'Family support: what works?'. Преземено од https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/networks/radicalisation_awareness_network/ran-papers/docs/ran_ex-post_paper_family_support_29-30_september_manchester_en.pdf

Земјите се справуваат со овој проблем со различни мерки. Понекогаш тие формираат при-способени програми што содржат и позитивни и негативни мерки.

Потенцијалните мерки за заштита на средината вклучуваат:

- ограничување на пристапот до социјалните медиуми;
- ограничување на движењата и на личните контакти;
- ограничување на пристапот до медиумите и до печатот;
- задолжителни средби со ментор;
- електронско набљудување.

Се разликува начинот на кој се наметнуваат овие мерки. Во Орхус оценија какво влијание може да имаат одредени дејства/ограничување/мерки врз едно лице, како и врз успехот (или неуспехот) на повторната ресоцијализација. Тоа се врши заедно со клиентот, така што се прави тоа да биде нивна одговорност дали ќе сторат нешто или не. Во други земји тие мерки претставуваат дел од заедничкиот договор меѓу повратникот и директорот на персонализи-раната приспособена понуда, што се заснова врз мултиагенциско управување со случај. Во Обединетото Кралство може да претставуваат дел од мерката за истрага за превенција на тероризам (Terrorism Prevention Investigation Measure - TPIM). Ова е граѓанска наредба што има цел да ги ограничи движењата/ дружењето на некое лице за да се намали опасноста што ја претставуваат: лицата може да се префрлат во друг дел на земјата, нивните контакти треба да се ограничат, на пример, TPIM е наменета за луѓето што не може да одат в затвор, но за кои се смета дека се опасни. Граѓанинот може да ја оспори TPIM (или одделни мерки на TPIM) во затворена судска постапка. Истовремено се имплементираат интервенции за из-лез. Мерката TPIM е особено интензивна во поглед на ресурсите и била применета само во неколку случаи бидејќи се користи кога тајната служба смета дека некоја ситуација е многу опасна, без да има доволно докази за да го гони лицето. Ваква ситуација се јавува ретко.

<u>Комуникација</u>

Исто така, неопходно е да се земат предвид потенцијалните социјални безредија што се јавуваат како резултат на отпорот на јавноста кон „враќањето на терористот“ на „наши-те улици или во нашите училишта“. За ова е потребна паметна комуникациска стратегија и сценарија за комуникација во криза, ако нешто тргне наопаку. Бидејќи јавното незадо-волство ќе се поврзе со безбедносните прашања, неопходен е координиран пристап за комуникација на локалните власти и полицијата.

RAN POL

**Улога на полицијата**

На локално ниво полицијата може да помогне да се почне и да се оптимизира мултиагенциска работа што може да ја заштити блиската средина, како и да ги заштити општествата. Тоа, исто така, може да се спроведе под раководство на локалната влада, но во двете сценарија полицијата може да придонесе со полициски информации и експертиза и тоа може да биде точка на поврзување со разузнавачката служба и силната рака што го спроведува законот.

## 5. Дали полицијата е подготвена за повратниците?

Краткиот одговор е „не“. Малку подолгиот одговор е „не, но знаеме што треба да правиме“.

**Не...**

Првиот одговор, не, се должи на непосредната итност на предизвикот со повратниците. И по број и по профил на опасност постои потреба да се забрза подготовката на сите учесници, вклучително и на полицијата. На средбата на RAN POL учесниците предвидоа дека одделите на разузнавачката служба и тајните служби нема да имаат доволни ресурси и персонал за да ги следат потенцијално опасните повратници. И ова не ја зема предвид работата што треба да се направи за справување со џихадистите екстремисти што не патуваат. Постојат голем број домашни џихадисти екстремисти што претставуваат потенцијална закана, а кои не биле обучени во таканаречениот калифат. И во некои земји, исто така, постојат особено опасни припадници на десницата и насилни екстремисти припадници на левицата.

Така, полицијата се повикува, и тоа може да се случува почесто, ако настаните го бараат тоа. Постои уникатна додадена вредност за блиска полиција, за полиција што работи во соседствата и со заедниците и за полиција што има силни врски со националните разузнавачки служби и со (понекогаш) посилните врски и работните односи со локалните учесници. Таа полиција може да игра улога во процената, во намалувањето на опасноста и во заштитата на семејствата и на заедниците.

Вреди да се спомене дека на неколку средби на RAN POL беше изразена грижа дека овие уникатни полициски дејства се наоѓаат под притисок поради буџетските намалувања и реорганизацијата. Постои опасност локалната полиција да се преоптовари и да се спречи да придонесува со своите уникатни превентивни и активни улоги и квалитети.

**...но знаеме што треба да правиме**

Предизвикот е нов и итен на многу начини, но не толку многу на други: знаеме што треба да направиме. Низ цела Европа, а особено во Северозападна Европа, полицијата во градовите

работи на превенција на радикализмот и на екстремизмот, користејќи практики и пристапи што, исто така, ќе се користат и за овој предизвик. Не ни се потребни целосно нови заштитни мерки и постапки. Мора да обезбедиме дека капацитетот, излезниот резултат и влијанието на постојната мултиагенциска соработка во однос на размената на информации, работа за излез и заштитата се на висок степен. Основна задача и одговорност за националните и на локалните власти и управувањето со сите вклучени полициски и неполициски агенции е да се применуваат постојните и подобрените програми за подигнување на свеста. Сега е време да се оптимизираат законодавството и протоколите за ефикасна мултиагенциска работа и размена на информации. Знаеме што треба да правиме.

И да продолжиме да учиме. Предизвиците се менуваат; и како што нашето знаење од успесите и неуспесите станува поголемо, така треба и овие процени на опасност и работа за излез на билатерално, регионално, локално и национално ниво да продолжат да учат едни од други. RAN POL и другите работни групи и Центарот за извонредност на RAN ќе го олеснат тоа толку колку што ни дозволуваат нашите ограничени ресурси.

**Translated within:**

FIRST LINE STOP Radicalization

Co-funded by the
Internal Security Fund
of the European Union